# Р Е Ф Е Р А Т

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ПО ПРЕДМЕТОТ**

**ФИНАНСИСКИ МЕНАЏМЕНТ**

НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ - ПРИЛЕП

Со одлука бр. 02-1672/3 од 27.09.2006 год., Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Прилеп формира Рецензентска комисија за избор на наставник по предметот **финансиски менаџмент**, во состав :

1. д-р Бранко Трајкоски, редовен професор во пензија;
2. д-р Здравко Здравкоски, редовен професор на Економскиот факултет – Прилеп;
3. д-р Сашо Атанасоски, редовен професор на Економскиот факултет – Прилеп.

По разгледувањето на пристигнатите материјали, врз основа на Законот за високото образование и Статутот на Економскиот факултет – Прилеп, Рецензентската комисија го поднесува следниов :

# ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот објавен од Економскиот факултет – Прилеп во весникот "Утрински весник", од 31.08.2006 година, за избор на наставник по предметот **финансиски менаџмент**, благовремено се пријавија двајца кандидати, и тоа д-р Гордана Трајкоска, вонреден професор на Економскиот факултет – Прилеп и Весна Максимоска, дипломиран економист.

Врз основа на доставените прилози од пријавените кандидати, Рецензентската комисија заклучи дека кандидатот Весна Максимоска, дипломиран економист,

согласно Законот за високото образование, не ги исполнува условите за избор во наставно – научно звање.

Според конкурсната пријава, биографските податоци на кандидатот, проф. д-р Гордана Трајкоска, нејзината наставно-образовна, научноистражувачка и стручна активност, како и приложените научни и стручни трудови, го констатираме следново:

## 1. Биографски податоци за кандидатот

Кандидатката д-р Гордана Трајкоска е родена на 08.04.1957 год. во Прилеп. Основното и средното образование го завршува во Прилеп, со одличен успех. Заради одличниот успех и исклучителната ангажираност, уште во средното училиште, таа била добитник на повеќе награди и пофалници.

По завршувањето на средното образование, таа се запишува, како редовен студент, на Економскиот факултет – Прилеп, на финансиската насока. Активниот, сериозен и трудољубив однос кон школувањето Гордана Трајкоска го продолжува и за време на студентските денови. Имено, континуирано совесна, таа покажува солидни резултати, што можат да се согледаат не само од навременото завршување на економските студии, туку и од постигнатата висока просечна оценка во текот на студирањето на Економскиот факултет – Прилеп.

По повод десетгодишнината од функционирањето на Економскиот факултет – Прилеп, Г. Трајкоска добива посебна диплома за одлично завршени студии.

Својата желба да ги прошири познавањата од областа на економските науки Гордана Трајкоска, во учебната 1982/83 година, ја реализира запишувајќи се на постдипломските студии на Економскиот факултет – Прилеп, од областа на деловните финансии. На овој последипломски студиум таа ја потврдува својата определба за научна работа и, како резултат на совесниот однос кон задачите поврзани со полагањето на испитите, што ги положила со просечна оценка 9,40, последипломскиот студиум го заокружува со успешната одбрана на магистерскиот

труд на тема: *"Проблеми во управување со обртните средства на претпријатијата"*. На тој начин, таа се стекнува со академски степен – **магистер на економски науки**.

Покрај со редовното и постдипломското студирање, Г. Трајкоска се презентира и со определени практични познавања од финансиската проблематика, што ги стекнува преку својот работен ангажман во тогашната СИЗ за социјална заштита, каде што извесно време е вработена на работното место за планирање и финансирање на дејноста на оваа Заедница.

Од 01.04.1983 година Гордана Трајкоска е вработена како соработник на Економскиот факултет во Прилеп, на неопределено работно време, по група финансиски дисциплини. Научноистражувачката работа и афинитетите спрема универзитетската професија Гордана Трајкоска ги потврдува со изработката на докторската дисертација, под наслов : *"Финансиската рамнотежа и ликвидноста како фактори на рентабилноста на претпријатијата"* за којашто тема добива и подобност од Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Прилеп. Во 1996 год. Г. Трајкоска успешно ја одбранува докторската дисертација и со тоа се стекнува со научен степен **доктор на економски науки**. Истата година, таа е избрана за наставник по предметот финансиски систем.

Со одлука број 02-222/3, од 22.02.2001 год., на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет – Прилеп, Г. Трајкоска е избрана за наставник по предметот финансиска теорија и политика во звање **вонреден професор**, а од февруари 2002 година, исто така, врз основа на одлука број 02-204/1 од 22.02.2002 год., таа е избрана во истото звање за наставник и по предметот финансиски менаџмент.

Почнувајќи од академската 2003/2004 година д-р Гордана Трајкоска е ангажирана за наставник на Интердисциплинарните студии по јавна администрација на Универзитетот "Св. Климент Охридски" - Битола, на предметите јавни финансии и финансиски менаџмент.

Во учебната 2003/2004 година проф. д-р Гордана Трајкоска ја изведува наставата на последипломскиот студиум на Економскиот факултет – Прилеп по Бизнис администрација МБА – менаџмент, и тоа по предметите менаџмент со финансиски ресурси и управување со обртните средства.

Со одлука на Наставно-научниот совет број 02-1827/1 од 20.10.2005 год., д-р Гордана Трајкоска е избрана за наставник по предметот финансиска теорија и политика, во звање редовен професор.

Со деноминацијата на предметите финансиски систем и деловни финансии и со реструктуирањето на студиските програми, согласно ЕКТС, проф. д-р Гордана Трајкоска ја изведува наставата по предметите финансиска теорија и политика и финансиски менаџмент.

Од 01.07.2000 година, а врз основа на одлуката број 02-439/1 од 25.05.2000 год на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет – Прилеп, таа ја извршува функцијата декан на оваа високообразовна институција и на оваа функција се наоѓа и денес.

Покрај ангажманот на планот на научното усовршување и спроведувањето на задачите во наставно-образовната и научноистражувачката работа, во изминатиот период таа извршувала и повеќе одговорни задачи како член во комисии во и надвор од Факултетот, и тоа како член на Ректорската управа на Универзитет "Св. Климент Охридски" – Битола, а во процесот на имплементацијата на Законот за високото образование беше член и на Интеруниверзитетската конференција, и на Агенцијата за евалуација.

## 2. Научноистражувачка активност

### 2.1. Список на објавени научни и стручни трудови

Во досегашниот период д-р Гордана Трајкоска, покрај во наставно-образовната и издавачката дејност ангажирано е вклучена и во научноистражувачката дејност на Факултетот. Во прилог на оваа констатација можат да се наведат големиот број научни и стручни трудови од коишто ги издвојуваме следниве:

1. Самофинансирањето и неговите функции во организациите на здружен труд, Годишник на Економскиот факултет – Прилеп, 1984 год.;
2. Ликвидноста на организациите на здружен труд во современи услови на стопанисување, Годишник на Економски факултет – Прилеп, 1985 год.;

3. Оптимализирање на финансиската структура на стопанските организации – неопходен услов за ефикасно стопанисување, Годишник на Економскиот факултет – Прилеп, 1988 год.;
4. Финансирање на стопанските субјекти во контекстот на промените во стопанскиот систем, Годишник на Економскиот факултет – Прилеп, 1990 год.;
5. Финансиско работење на претпријатијата, постојан учебник по деловни финансии, во коавторство со проф. д-р Бранко Трајкоски, Универзитетска печатница "Кирил и Методиј" – Скопје, 1990 год.;
6. Проблеми на управување со обртните средства на претпријатијата, магистерски труд, Економски факултет – Прилеп, 1991 год.;
7. Управување со побарувањата од купувачите, со посебен осврт на политиката на наплата, Сметководствено – финансиска ревија, бр. 7 , Скопје, 1991 год.;
8. Методологија за оценка на бонитетот на издавачите на долгорочни хартии од вредност, предавање на Советувањето во организација на Сојузот на сметководители, финансисти и ревизори на Република Македонија, септември 1990 год.;
9. Класични и современи методи за утврдување на потребните обртни средства, предавање презентирано пред менаџерскиот тим на Тутунски комбинат во Прилеп, ноември 1991 год.;
10. Оценка на финансиската состојба на стопанските субјекти, предавање одржано во Друштвото за наука и уметност во Прилеп, Прилеп, јуни 1992 год.;
11. Финансиската стабилност и бонитетот на претпријатијата, реферат на Советувањето за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, во организација на Друштвото на сметководствени и финансиски работници во Прилеп, Економски факултет – Прилеп, Прилеп, 1992 год.;
12. Управување со залихите, Сметководствено-финансиска ревија, бр. 9, Скопје, 1993 год
13. Стандарди и методологија за оценка на бонитетот на претпријатието и деловните партнери, V симпозиум на тема Сметководствените, финансиските и ревизорските стандарди во функција на управување со претпријатијата, Зборник на трудови, Сојуз на сметководители, финансисти и ревизори на Република Македонија, Струга, 14 - 16 октомври 1993 год.;

14. Критериуми и показатели за оценка на рационалното финансирање, реферат на советувањето на тема: "Сопственичките преструктуирања, управувањето и раководењето со претпријатијата", во организација на Економскиот факултет во Прилеп и Стопанската комора на Република Македонија , Прилеп, ноември , 1993 год.;
15. Економската ефикасност на стопанските субјекти и нејзината детерминираност од финансиската структура, Економски советник, бр. 2, Економски центар А.Д. Скопје, Скопје, 1994 год.;
16. Улогата на претприемаштвото за оптимализирање на финансиската структура на претпријатието, реферат на конференцијата на тема : "Претприемаштвото - теорија и практика", одржана во Економскиот факултет при Универзитетот "Неофит Рилски" во Благоевград, Благоевград, јуни 1994 год.;
17. Финансиската анализа во функција на проценка на вредноста на претпријатието, Економски советник, бр. 8, Економски центар А.Д. Скопје, Скопје, 1994 год.;
18. Претприемаштвото во функција на оптимализирање на финансиската структура на претпријатието, VI симпозиум на тема "Сметководствените, финансиските и ревизорските стандарди во функција на управување со претпријатијата", Зборник на трудови, Сојуз на сметководители, финансисти и ревизори на Република Македонија, Струга, декември 1994 год.;
19. Финансиската рамнотежа и ликвидноста како фактори на рентабилноста на претпријатијата, докторска дисертација, Економски факултет, Прилеп, 1996 год.;
20. Финансиската структура како основна детерминанта на финансиската ситуација на претпријатијата, Годишник на ДНУ – Прилеп, 1997 год.;
21. Данокот на додадена вредност – можности за примена и последиците за македонското стопанство, ТЕРА телевизија, 1998 год.;
22. Финансиската структура и профитабилноста на претпријатијата, самостојна книга, Економски факултет – Прилеп, 1998 год.;
23. Законот за данок на додадена вредност, дискусија на советувањето во Економскиот институт во Скопје, Скопје, 1998 год.;
24. Финансиската структура и ликвидноста на претпријатијата во Република Македонија, реферат на X симпозиум на тема: "Сметководствениот и финансискиот систем на Република Македонија во концепциската рамка на меѓународните сметководствени и ревизорски стандарди", Зборник на трудови,

Заедничка карактеристика на сите претходно презентирани трудови е нивната автентичност и самостојноста на кандидатката при обработката на соодветните теми. Исто така, сите презентирани трудови се од областа на финансиите и се во директна корелација со наставната дисциплина за којашто таа конкурира, а тоа претставува уште една гаранција за нејзината трајна определба да ја истражува токму проблематиката на финансиите. Д-р Гордана Трајкоска континуирано покажува особен интерес за финансискиот менаџмент и посебно за финансиската политика, финансиската анализа, финансиското планирање, како и за јавните финансии, буџетската политика, управувањето со јавниот долг, управувањето со даноците, даночните системи, современите даночни реформи, фискалниот систем и сл.

### 2.2. Учество во научноистражувачки и стручни проекти од национален и меѓународен карактер

1. Учество во работната група за изработка на проектот "Економскиот развој на СРМ во периодот 1991 – 1995 год.";
2. Физибилити студија за континуирано образование на менаџери, Меѓународен проект во рамките на TEMPUS-PHARE програмата за реформа во високото образование, 1999 год.;
3. "Континуирано менаџерско образование", Compact tempus-SCE,1999 год.
4. "Модернизацијата на јавната администрација и на јавната политика во Република Македонија", Заеднички европски проект, 2000-2002 год.;
5. "Администрирање и усовршување на универзитетите во Република Македонија", Заеднички европски проект, 2001-2003 год.
6. Нацрт-студија за економски развој на Преспа – Еврорегион, 2002 год.;
7. Утврдување на универзитетските кадровски можности за континуирана едукација на менаџерите, дел од Физибилити студијата за континуирано менаџерско образование во рамките на TEMPUS - PHARE CME проектот, 1999 год. (заедно со доцент д-р Сашо Атанасоски);
8. Учество во изготвување на Правилникот за стекнување и распоредување на доходот, чистиот доход и средствата за лични доходи и заедничка потрошувачка во РО за промет на големо и мало "Југотрговија" – Скопје;

Заедничка карактеристика на сите претходно презентирани трудови е нивната автентичност и самостојноста на кандидатката при обработката на соодветните теми. Исто така, сите презентирани трудови се од областа на финансиите и се во директна корелација со наставната дисциплина за којашто таа конкурира, а тоа претставува уште една гаранција за нејзината трајна определба да ја истражува токму проблематиката на финансиите. Д-р Гордана Трајкоска континуирано покажува особен интерес за финансискиот менаџмент и посебно за финансиската политика, финансиската анализа, финансиското планирање, како и за јавните финансии, буџетската политика, управувањето со јавниот долг, управувањето со даноците, даночните системи, современите даночни реформи, фискалниот систем и сл.

## 2.2. Учество во научноистражувачки и стручни проекти од национален и меѓународен карактер

1. Учество во работната група за изработка на проектот "Економскиот развој на СРМ во периодот 1991 – 1995 год.";
2. Физибилити студија за континуирано образование на менаџери, Меѓународен проект во рамките на TEMPUS-PHARE програмата за реформа во високото образование, 1999 год.;
3. "Континуирано менаџерско образование", Compact tempus-SCE,1999 год
4. "Модернизацијата на јавната администрација и на јавната политика во Република Македонија", Заеднички европски проект, 2000-2002 год.;
5. "Администрирање и усовршување на универзитетите во Република Македонија", Заеднички европски проект, 2001-2003 год.
6. Нацрт-студија за економски развој на Преспа – Еврорегион, 2002 год.;
7. Утврдување на универзитетските кадровски можности за континуирана едукација на менаџерите, дел од Физибилити студијата за континуирано менаџерско образование во рамките на TEMPUS - PHARE CME проектот, 1999 год. (заедно со доцент д-р Сашо Атанасоски);
8. Учество во изготвување на Правилникот за стекнување и распоредување на доходот, чистиот доход и средствата за лични доходи и заедничка потрошувачка во РО за промет на големо и мало "Југотрговија" – Скопје;

9. Извештај за проценка на капиталот на А.Д. "Тиквешанка" – Кавадарци, тимски проект, 1996 год.;
10. Извештај за проценка на капиталот на А.Д. "Прилепец" – Прилеп, тимски проект, 1996 год..
11. Проект за граѓанско образование – поддршка на високото образование во општествените науки во Република Македонија – 2004 год.;
12. Management and Busines education in computer studies (MABECS), CD-JEP-18046 – 2003.

### 2.3. Издадени учебници

Како резултат на долгогодишното истражување на финансиската проблематика д-р Гордана Трајкоска е автор и на три веќе објавени книги и една во печат од областа на финансиите, и тоа:

1. Финансиската структура и профитабилноста на претпријатијата, Економски факултет – Прилеп, 1998 год.;
2. Финансиско работење на претпријатијата, постојан учебник по финансиски менаџмент, во коавторство со проф.д-р Бранко Трајкоски, Универзитетска печатница "Кирил и Методиј"-Скопје, 1996 год.;
3. Проблеми на управување со обртните средства на претпријатијата, Универзитет "Св. Климент Охридски" – Битола, Економски факултет – Прилеп, 1999 год., учебник во коавторство со проф. д-р Бранко Трајкоски;
4. Фискална економија – во печат.

Научноистражувачката активност на Г. Трајкоска се карактеризира со висок степен на оригиналност, аналитичност и систематичност. Во таа смисла овде можат да се истакнат:

- нејзиното коавторство во учебникот "Финансиско работење на претпријатија", и "Проблеми на управување со обртните средства на претпријатијата", самостојната книга "Финансиската структура и профитабилноста на претпријатијата", како и настапите, со сопствени реферати, на повеќе научни симпозиуми од национален и меѓународен карактер, главно од областа на финансискиот менаџмент и јавните финансии. Аргументите со кошто таа ги брани

тезите, презентирани во нејзините реферати, од страна на постојната научна јавност се прифатени и се применуваат во практиката на работењето на стопанските субјекти.

Покрај тоа, треба да се истакне и фактот дека кандидатот д-р Гордана Трајкоска три години активно беше вклучена во едукацијата од областа на финансиските пазари и финансиските инструменти на слушателите на курсеви што Економскиот факултет – Прилеп, заедно со IBTCI – Скопје, ги организираше како подготовка за полагање и стекнување сертификати со звање овластен ревизор.

Со својата трудољубивост, сериозност, комуникативност и препознатлива елоквентност д-р Гордана Трајкоска е прифатена не само од студентите, колегите на Факултетот, туку и од финансиските стручњаци кои работат во стопанството, а пред кои таа многу успешно се претставувала со предавања од областа на финансиската политика на претпријатијата, обртните средства, хартиите од вредност, пазарот на пари и капитал, методологијата за оценка на бонитетот на претпријатијата, трансформирањето на општествениот капитал, фискалната политика и сл.

Својот профил на наставник и научен работник Гордана Трајкоска ќе го дообликува и со издавањето на уште еден учебник, овојпат од областа на фискалните финансии, што интензивно го подготвува, а исто така ги прави и последните подготовки за издавање Прирачник, со коментар, на најновите прописи што ја третираат материјата од областа на финансискиот менаџмент и фискалната економија, и овозможуваат полесна нивна имплементација.

### 2.4. Студиски престои во странство

Одповеќето нејзини студиски престои во странство се издвојуваат следниве :

- студиски престој во Атина – 2000 година, Волос – 2001 година и Солун – 2001 година во рамките на ТЕМПУС проектот за јавната администрација;
- студиски престој во Ница – 2003 година, на Универзитетот "Софија – Антиполис", во рамките на ТЕМПУС проектот за универзитетски менаџмент;
- студиски престој во Болоња – 2004 година, во рамките на Проектот за граѓанско образование – поддршка на високото образование во општествените науки во Република Македонија.

### 2.5. Членство во стручни асоцијации и комисии

- Сојуз на сметководители, финансисти и ревизори на Република Македонија;
- Друштво за наука и уметност Прилеп;
- Државна комисија за полагање на испитот за стекнување на звањето овластен ревизор;
- Комисија за надворешна евалуација на Економскиот факултет – Скопје;
- Комисија за надворешна евалуација на Економскиот институт – Скопје;
- Институт за овластени ревизори на Република Македонија.

### 2.6. Функции што ги извршува(ла)

- декан на Економски факултет – Прилеп;
- член на Ректорската управа на Универзитет "Св. Климент Охридски" – Битола;
- член на Интеруниверзитетската конференција;
- член на Агенцијата за евалуација.

## 3. Заклучок и предлог

Врз основа на претходно наведените констатации и анализата на досегашните постигнати резултати на д-р Гордана Трајкоска, Рецензентска комисија е едногласна во оценката дека:

1. кандидатот, проф. д-р Гордана Трајкоска, од дипломирањето на Економскиот факултет – Прилеп, па до денес, во период од 24 години континуирано и е посветена на финансиската проблематика и проучувањето и истражувањето, и анализата на низа сложени финансиски прашања и проблеми, како и изнаоѓањето, не само теоретски, туку и практични решенија за разрешување на одделни проблеми. Оваа нејзина способност произлегува од стекнатио богат научен и стручен опус, како и од хронолошки изминатиот пат (од помлад асистент до редовен професор), односно успешното завршување на постдипломските студии, стекнувањето академски степен доктор на економски науки, објавените самостојни научни трудови, издадените три учебника, настапот на повеќе научни собири и симпозиуми од национално и меѓународно значење, како и тимската работа во проекти, што недвосмислено потврдуваат дека таа своето унапредување го гледа исклучиво како логично продолжување и признание за вложениот труд;
2. проф. д-р Гордана Трајкоска, исто така, особен интерес покажува за финансиската проблематика воопшто и, пред сè, за финансискиот менаџмент, финансиската политика, финансиската анализа, финансиското планирање, менаџирањето со обртните средства, јавните финансии, буџетската политика, даноците, даночните системи и сл. Содржината и карактеристиките на научниот опус на д-р Гордана Трајкоска, ја презентираат како плоден научен работник, кој дава значаен придонес во развојот и усовршувањето на економската теорија и практика во областа на финансиите;
3. научноистражувачката активност и наставно-педагошката дејност на кандидатката е темелна и студиозна, а тоа се потврдува не само преку квалитетот на презентираните трудови, туку и од објавените три книги од коишто две се во коавторство и една самостојна, така што овој материјал

студентите активно го користат за подготовка на испитите на додипломските и последипломските студии на Економскиот факултет – Прилеп;

4. карактерните особини што ја красат личноста на Г. Трајкоска, како што се : одговорниот однос кон науката и професијата, сериозноста и совесноста во извршувањето на професионалните обврски и инвентивноста во имплементацијата на акумулираните и апсолвирани економски знаења, придонесуваат таа да биде респектирана и ценета од своите колеги и соработници, како и да биде омилена и почитувана меѓу студентите. Потврда на ваквите нејзини особини е и фактот што таа веќе шест години успешно и со евидентни резултати ја извршува функцијата декан на Економскиот факултет – Прилеп, на општо задоволство како на вработените, така и на студентите.

Имајќи ги предвид овие констатации и оценки, Рецензентската комисија, со особено задоволство, му предлага на Наставно – научниот совет на Економскиот факултет во Прилеп д-р Гордана Трајкоска да ја избере за наставник по предметот финансиски менаџмент во звање **редовен професор.**

Членови на Рецензентска комисија

1. Д-р Бранко Трајкоски, редовен професор во пензија
2. Д-р Здравко Здравкоски, редовен професор на Економски факултет – Прилеп
3. Д-р Сашо Атанасоски, редовен професор на Економски факултет – Прилеп

Лектура
Анкица Стојаноска